ЈОВАН БОШКОВСКИ



# Белаџа

Јован Бошковски

# Бегалци

НОПОК
СКОПЈЕ 1949



## 1

Зад последните куќи на нашиот град, сред бавчите, покрај двареда вити тополи, што стојат  високо исправени крај јазот има една голема сламена колиба, во која што сега никој не живее. Тоа е Аврамовата колба. Последниот нејзин жител – пољакот Аврам, кој што беше страв и трепет за децата што идеа во бавчите да крадат праски умре за време на војната и на негово место не дојде никој. Колибата остана пуста и заборавена. Само летно време, играјки брканица, децата се криеја во неа, а наесен немирникот – ветер кога ќе зашумеше во оголените гранки на тополите, и ги кубеше сламените старечки плеќи, се напињаше да ја одвее, но Аврамовата колиба зачудо долго време се додржа и остана сред бавчите како спомен на страшниот пољак со големи обесени мустаќи.

Една летна вечер, кога тих ветерчок им ги мрсеше косите на тополите, зашепотени нешто весело меѓу себе, кога штурците застругаа по жиците од своите тамбури ако некој поминеше преку старото дрвено мовче кај бавчите, можеше да види како накај Аврамовата колиба нечујно се приближува нечија сенка. Но наоколу беше пусто, се простираше мирна летна ноќ и никој не го виде овој осамотен ноќен посетител на сламената колиба.

Да беше ден исто така можеше да се види дека сликата е од едно четиринаесетгодишно дете, босо и облечено во измаслени работнички алишта. Детето се приближи до колибата со мачешки стапки, се заслуша во ноќта да не би да допира некаков шум и бргу да се изгуби во неа.

Беше ноќ и никој ништо не виде и не чу.

Влегување внатре, детето запали кибритено шкорче и ја осветли колибата одвнатре. По земјата имаше послана куп свежа слама, на испреплетените гранки горе на покривот стоеше закачена лејка за вода, останата бездруго уште од полјакот и ништо повеќе. Детето полека се спушти на сламата, која што зашушка под него и длабоко се издиши.

Ако ви се случило некогаш да сте избегале од дома и првата ноќ да ве затече сред опустени бавчи, каде што шумот на ветерот ви се причинува како сподавен викот од многу гласови, ќе разберете зашто на Мечета – така се викаше тој – сега му тупка срцето како на врапче затворено в клетка. Тој може би сега завиен во студените крила на ноќта, се сеќаваше за домашниот топол кат, кај што пикнат под јорган не го слуша пијаниот глас на татка си, кога ќе дојде доцна од град ни плачните прекори од кај мајка си. Усети и глад. Однекаде, како под земја, Мече дочу кркорење – тоа цревата се караа гладни меѓу себе. И наеднаш му текна нешто: тој изрипа од колибата надвор, а кога се врати во рацете држеше голема главица зелка, од која што ги кинеше горните лисја и ги фрлаше надвор.

По тоа пак си легна на грб и загледан во небото посипано со ретки ѕвезди си зарупка слатко од зелката. Не мислеше ништо, не слушаше шум, а земјата под него се лулееше како езерски бранови; му се стори како да се наоѓа на каик, а модрината на топлата летна ноќ му се причини како лесно разбуричкани води на мирното езеро. Мече тихо заспа.



Мече сакаше да извика, но глас го издаде ...

Но не беше Мече сам таа ноќ во бавчите. Некаде околу полноќ преку мовчето крај тополите помина друга сенка и отаде низ бавчите накај колибата. Само што овој втор ноќен гостин одеше спокојно, како да не му е првпат да поминува од тука и не се обзираше плашливо на секој шум.

Остер сноп светлина падна врз заспаното лице на Мечета. Тој се тргна исплашено, се исправи дополу на своето сламано легало. Црна, голема сенка го затвараше влезот на колибата. Заслепителна светлина од џепна батерија му пречеше да види кој е. Мече сакаше да извика, но глас го издаде.

- Кој си ти?! – свика непознатиот.

По гласот Мече позна дека тој е или негов врсник или малку постар од него. Се прибра и правејќи дека не го тевожи многу неговото идење, го погледна под око:

- Јас ли? Мече. А ти ?

- Хм, Мече ... Едно шарено магаре има. А за мене – не треба да знаеш.

По тоа влезе, зашара со батеријата наоколу и во еден момент кога светлината го закачи малку, Мече за миг му го виде лицето: под убава светла коса, сега извиткана во кадри, го гледаше по малку горделиво лице, посипан со сиви дамки.

Светлокосиот ја изгаси ламбата, а по тоа полека се истегна и тој на сламата. Мече му направи место. Беше од него повисок со цела глава. Нозете му се протегнаа дури до самиот влез на колибата.

Молчеше тој, молчење и Мече. Се гледаше дека светлокосиот не доаѓа за прв пат во колибата. Во погледот можеше да му се прочита дека не му е право што му е откриено врталиште од друг – туѓ и непознат другар.

Лежеше мирно и неподвижно и едно време на Мечета му се стори дека заспал. Но кога љубопитно поткрена глава, виде дека очите на светлокосиот се широко растворени и управени напред во светлото летно небо. Го закопка љубопитството: кој ли е овој чуден другар? Но светлокосиот само молчеше и ништо не кажуваше. Налутен, Мече се сврте со грб накај него, обидувајќи се безуспешно да заспие.

- Да сакам - проговори изненадно светлокосиот - јас би те избркал одовде. Одамна ли си дојден?

- Синојка, кога се стемни. Мислев дека нема никого, - плахо одговори Мече, како да се правда.

- А зошто? Нема ли каде да спиеш? Што не си одиш дома?

Мече не одговори веднаш. Да ли да му каже? И како се уплаши да не го издаде тој излага:

- Не сум од тука. Јас немам никого ...

Светлокосиот гласно се насмеа:

- А - ха, ми текнува.

Мечета го облеа пот кога виде дека не му верува.

А тој навистина не лажеше. Мече беше без родители и се скиташе по улиците се додека еден ден не го прибраа во детски дом. Таму тој учеше занает како и сите негови другарчиња. Му беше добро, но денеска се случи нешто што му го разруши мирот и го застави да го стори она одошто најмногу се плашеше: да побегне. Сечејќи една чворлива штица некако наеднаш и изненадно му се скрши пилата. Немаше смелост да му излезе пред очи на мајсторот а камоли да се врати во домот. Избега и еве го сега овде во оваа осамена колиба ...

Надвор се ширеше тиха мирисна ноќ. Откај бавчите се носеше свирката на неуморните свирачи – штурчињата. Над поспаните очи на Мечета пак му се замрешка сон. Тој одново усети дека се лулее на езерски бранови и клепките му се склопија, тешки како налеани со олово.

По едно време Мече усети дека светлокосиот го побутна со лакт и го викна тихо, по име:

- Мече! Мече! ...

- А ... – се одзва тој сонливо.

- Спиеш ли?

- Не. Не спијам.

- Стани, ќе ти кажам нешто.

Мече љубопитно се подисправи.

- Чуј – почна светлокосиот, гледајќиго право во очите. – Ќе ти кажам, ама мисли му ако гркнеш некому. Јас вечерва сум за последен пат тука. Утре заминувам ...

- Каде? – огнено зашепоте Мече. Усети дека се работи за некој далечен и таинствен пат.

- Далеку. Но тоа нема да ти кажам. Ќе ме издадеш.

- Зошто си таков? Та јас никому нема да кажам ... – скоро со плачен глас исцимоли Мече.

Но светлокосиот ништо не одговори. Стоеше се така загледан во далечните звезди, а очите му гореа во огнен сјај.

- Чуј – настојуваше Мече упорно – кажи кај ќе одиш?

Светлокосиот се тргна од мисли и се сврте, го изгледа за миг и рече остро:

- Заколни се дека нема никому да кажеш?

- Се заколнувам.

Тогаш тој му се наведе до лицето, ослушна за час – во ноќта осем песната на штурците не се слушаше ништо друго – и му шепна:

- Ќе одам на Младинскиот канал ...

- На Младинскиот канал? – ги рашири очите Мече зачудено.

- Да, таму – потврди светлокосиот и му даде знак да молчи.

Но Мече не се задржа:

- А кај е тоа?

- Кај е ? – сезачуди светлокосиот. – Зар не знаеш. Долу, во Струмичко поле.

- А што ќе правиш таму? – повторно праша Мече.

- И каков си ... Ти ништо не знаеш. Таму сега има многу младински бригади. Копаат канал. Сега, јасно ли ти е?

- Јасно ми е – промрморе мече низ нос.

Обајцата замолчеа. Мече се премислуваше нешто за час и наеднаш му се сврте:

- А како би било да дојдам и јас со тебе?

Светлокосиот зачудено го изгледа, одмерувајќи го од глава до петици со таков поглед како да сакаше да каже: откај накај си способен ти за таа работа! И одречно заниша со глава. Мече веднаш се сневесели.

- А ако после се премислиш? – остро рече светлокосиот.

- Прави со мене што сакаш ...

- Добро. Ќе си помислам. А сега спи ...

И се заврте на другата страна и како веднаш да заспа. Заспа и Мече, немирен и со тревожно срце.

По светлото небо пловеше месечината, назираше во колибата со своето насмеано лице и како да им се потсмеваше на двајцата заспани другари.



## 2

Неколку дена по тоа, во една убава звездена ноќ, железницата ги носеше нашите бегалци надолу, на југ. По планот на Беличот – отсега така ќе го викаме светлокосиот – со возот требаше да се префрлат до последната станица, а од таму со камион или некоја кола да продолжат до бригадните логори.

И еве сега, без карти, застојани до отворениот прозорец, јурат со железницата низ темната ноќ, а прохладниот ветер си игра со нивните немирни коси. Со мислите се веќе таму, во бригадите, кај што се бие страшен бој, кај што стануваат чуда, се уриваат карпи и брегови, а мочуриштата како лопата некој да ги црпи, ги снемува од плодното поле. Сето тоа му раскажуваше сега Белич, сиот пламнат и возбуден од големите и радосни преживеаници што ги чекаат таму.

- И велиш бездруго ќе не примат? – прашаше кој знае по кој пат Мече, вртејќи со глава како да не му се верува.

- Ти реков: ќе не примат. Што си запнал толку?

И пак се загледуваше надвор во честата темница, кај што нејасно се оцртуваа дрвјата и контурите на планините.

Од локомотивата се прскаа в мрак илјадници искри, таа брзо ја цепеше далечината. Наеднаш локомотивата исписка силно. Возот навлезе в тунел. Темнина ги прекри за час ѕвездите како со завеса, а малку после пак закапа нивната светлина како ситен пролетен дождец.

Понесени на свите мисли, како на крила, кон далечните пространства, двајцата другари и не усетија кога им се приближи кондуктерот. Се исправи над нив наеднаш голем и страшен и неговиот глас грубо го скина летот на нивните раскрилени мисли:

- Картите ве молам!

Прво се тргна Мече и почна збунето да се брка по џебовите, мрморејќи нешто неразбрано, како да не знае кај ја ставил карта. Но Беличот, кој што бргу ја оцени ситуацијата, гледајќи дека инаку не ќе можат да се истргаат од рацете на кондуктерт, што се беше спречил во тесниот коридор на вагонот, го тргна Мечето за ракав и рече мирно, и не трепкајќи.

- Улав! Што ги бараш в џеб кога знаеш дека се кај мама.

- А кај е мајка ви? - запраша подозриво кондуктерот, гледајќи ги под очи.

- Таму во другион вагон, - покажа со прст Беличот. И пак ни окото не му трепна што лаже.

- Тогаш што стоите тука! – им се избрецна тој. – Бргу таму и да не сте се мрднале додека не дојдам. Разбравте ли?

Тие не чекаа двапати да им се каже. Бргу, како стрели се провреа низ коридорите натискани со патници, од еден вагон во друг. И така стасаа до крајниот вагон ... Каде сега? Мече почна да тресе со вилиците од страв. Беличот го изгледа гневно, но не му рече ништо. Беше зафатен со мисли како да се избегне оваа опасност што се испречи пред нивиот пат. Сега, бездруго, кондуктерот разбрал дека е измамен и веќе се приближува ...



Бргу, како стрели се провреа низ коридорите ...

А железницата јуреше низ темнината со најголема брзина; за скок не можеше ни да се помисли – при таква брзина бездруго би се разбиле на камењата крај пругата. А да се скијат? Каде? Ќе ги најде и после ...

Нов резок пискот на локомотивата ја процепи ноќната тишина и ... бегалците со радост усетија дека возот ја намалува брзината. Белич бргу протна глава низ прозорец: далеку уште во темнината некаде, трепкаше мижлива светлина, која жто станувaше се' поголема, поблиска. Станица! Спасени се!

И не чекајќи ни да запре возот сосема, на знак на Белича, обајцата искокнаа на задната врата и преку шините што блескаа од утринската роса, се изгубија во темнината. Наблизу весело шумолеше Вардар, а во далечината, низ модрикавата завеса на првата мугра, се оцртуваа темните горостасни купи на планините.

*

*　　*

Од кај исток се распука модрината на ноќта и небото прво зарудеа во црвени пламења, а после од некаде зад планината изрони и усвитеното коло на сонцето, кога бегалците избија на прашниот белузлав пат што се извиваше како змија по грбот на планината. Како огромен шарен килим долу се простираше полето и искапено во утринската роса се преливаше во златото на узреаните оризови класја, во зеленилата на тутуновите стеблинки, а тек-тук се белееја и снежните пахулки на памукот што избиваше низ распуканите чушки.

По патот заврвеа луѓе, коли, камиони. Камионите птофучуваа покрај двајцата бегалци и ги засипаа со облаци прав. Тие ги испраќаа со жален поглед се' додека не исчезнеа зад првиот завој, но немаа смелост да се испречат пред некој од нив за да го помолат шоферот да ги качи. А од нив никој и не помислуваше да запре.

Бегалците упорно чекореа напред, по прашниот друм, не смалувајќи ја никако брзината. Напред одеше Беличот, а Мече послушно потрчкуваше по него за да не заостане. Погледот им беше

устремен накај сртот на Беласица што се одразуваше на јасното небо како остра црна рецка: таму некаде во нејзиното подножје, се наоѓаат младинските бригади, нивна крајна цел. При таа мисла тие неусетно ги забрзуваа чекорите ...

Колку време одеа така не можеа да определат. Солнцето се извиши високо над Беласица, припечувајќи силно и заливајќи им ги лицата со пот. Одеднаш пред нив излезе раскрсница. Десно од патот се двоеше тесен каменист селски пат, кој што водеше направо под планината. Тие застанаа двоумејќи се за час дали да тргнат натаму. Во тој момент одзади наближи една мала селска кола, која што подзапра кај раскрсницата, за да заврти по другиот пат. Гледајќи ги децата како стојат нерешително крај патот, стариот селанец што се возеше во нив им се сврте и весело им довикна:

На каде, дечиња. Или и сами не знаете.

Сакаме на каналот, па не знаеме откај се оди, - одговори бргу Беличот. – Чичо, да не знаеш да ли одовде е поблизу?

Тппрру, стој Сивчо ... – ја запра старецот колата и ги повика со рака: – Качувајте се бргу!

Уморните бегалци со радост ја примија поканата.

Скршнувајќи од друмот, колата набргу навлезе и се скри во честа коштанова шума. Под сенката на нивните разгранети крошни беше тихо и пријатно. По уморните клепки на бегалците им се лепеше сон и само со краен напор се совладуваа да не заспијат во длабок сон. Колата тркаше по каменистиот пат и се нишаше како лаѓа на бранои, де на едната де на другата страна, како да ќе се преврти. Старецот весело ги распрашуваше за сето време, им прикажуваше за работата на младинците, кои што работеа блиску до неговото село и ги закачаше дека ако не станат ударници веднаш ќе ги симне од колата, за да продолжат пеш по јулскиот пек.

Доцна околу ручек тие наближија до првите бригади. Уште од далеку ги чуја. До нив допираше нејасна врева од многу гласови, песна и тврди удари по камениста земја. И кога наскоро излегоа на

првата  височина, откаде што се гледаше целата околност како на дланка, пред очите им се покажа радосна глетка: во самото подножје на планината, низ високите пченки и приведените главички на сончогледите, раздвижени како мрави, работеа младинците, се разнесуваа тврди удари од копачи и лопати, а во должина од неколку стотини метра се црнееја купишта од ископаната земја.

... Тие стоеја неколку време по тоа пред командантот на младинските бригади – Мече збунет и исплашен, а Беличот загледан право во очите на младинецот со окалки, низ кои што тој ги гледаше малку потсмешливо. Во бараката на штабот, подигната во сенката на високи црници беше тихо, толку тихо да не се слушаше ни мува да брчне.

– Значи, вие сакате да станете бригадири? ги прашаше по втор пат командантот, гледајќи ги се’ така потсмешливо или пак така им се чинеше. – А зошто не сте се пријавиле во бригадата од вашиот град?

Беличот како да имаше однапред смислен одговор на ова неизбежно прашање.

– Јас не бев тогаш дома, а него не го примиле.

– Зошто?

– Бил малечок.

– Колку години имаш?

– Кој, јас ли?

– Ти.

– На Петровден наполнив осумнаесет – излага Беличот.



... Раздвижени како мрави, работеа младинците ...

– А ти? – му се свртe Мечета.

– Шеснаесет ... – излага и Мече, гледајќи в земја сцрвен до ушите.

Командантот се замисли за час, а по тоа рашири раце, велејќи му на Белича:

– Ти можеш да останеш, а тој не.

– Како така? – свикаа обајцата во еден глас.

– Па така. Не може. Малечок е.

Беличот заклати глава:

– А не, ако може обајцата, а ако не – ни еден. Ние заедно дојдовме од толку далеку ... Како ќе се врати сам?

Командантот се двоумеше за час, после се согласи:

– Добро, нека остане и тој. Само нема да работи. Ќе им носи на бригадирците вода.

По тоа ја наведна главата ниско до книгите што беа пред него на маса и не ја крена веќе. Другарите разбраа дека разговорот е свршен. Си излегоа.

Пред вратата стоеше важно напернат куририот што ги пушти внатре, по години не постар од Мечета. Поминувајќи покрај него, Мече го погледна ѓаволесто и замавна како да ќе го удри со лакт во слабини, а кога тој уплашено се изви на страна, Мече се исмеа слатко и потрча по Белича, кој што беше изминал подалеку по патот за бригадниот логор.



## 3

Во времето кога двајцата бегалци дојдоа меѓу бригадирците, во Струмицкото поле се биеше голема битка за исушување на злогласното Моноспитовско Блато, кое што со години веќе ги испиваше и луѓето и плодовите на земјата во овој богат крај. Во подножјето на Беласица ја извиваше веќе својата вита снага каналот, грмеа експлозиите на последните мини. Главниот удар се пренесе сега долу, на реката, која што требаше да се разбуди од вечната дремка и нејзините застојани води, што сега мрзливо се влечеа под жарот на летниот ден, кога ќе паднат првите есенски дождови, да заструјат по новото корито ...

И покрај нивна желба, Мече и Беличот беа раздвоени. Беличот остана горе со бригадата што го расчистуваше веќе ископаниот канал, а Мече беше одреден за водоносец на една бригада што работеше на реката. Мече се зафати со оваа работа нерадо, со видливо незадоволство што се случи сосема не онака како што му раскажуваше Беличот во ѕвездната ноќ кога патуваа со железницата. Место тоа сега се’, и работата на бригадирците, и каналот, и она

блато што светкаше на солнцето како мало езеро сред непрегледната зеленина на полето му се виде неинтересно, бесмислено и глупаво. И тој уште од првиот час реши тврдо во себе си при прв случај да му каже на Белича да се вратат. Но Беличот го немаше. Тие спиеја во одделни бараки и ретко можеа да се видат. Така поминаа првите денови во бригадата, без да се случи нешто интересно.

Еднаш, како секојпат, Мече го возеше количето со полна тенеќија студена изворска вода, по патот посипан со жешка леплива прашина. Беше си се замислил за сето што го преживеа последниве денови, а во душата го копкаше мисла за својата грешка што го застави да избега од домот. А солнцето припекло како никогаш ... Мече си седна под сенката на еден багрем, ја закуба нервозно тревата околу себе и сосема заборави, обземен од свои мисли, на оние што долу, крај реката, запотени под пекот на солнцето, го чекаа нетрпеливо. До багремот растеа млади разлистени бозови дрвчиња. Немирна мисла му проблесна во бушавата глава: тој се бркна в џеб и во раката веднаш му светна ноже. Протегна рака и од босчето исече едно подебело парче, па си зафати да си делка црцало. Владееше тешка пладневна тишина, само откај реката ветерот ја донесуваше вревата на младинците, како да сакаше да го потсети да побрза. Но занесен во работата Мече ни слушаше, ни гледаше нешто друго. Грижливо ја изделка корката, со парче тел го издлаби босчето како цевка, а по тоа зеде едно потенко багремово гранче, го дупна насреде и со него го затна отворот на црцалото. Кога со тоа беше готов, со ножето изделка друго чамово дрвце, така колку да може да се протиња низ цевката. Црцалото беше готово.

Мече весело стана, го погледа со гордост своето дело и наеднаш му текна да го испроба: од долниот отвор му сипа вода до половина, по тоа го стави чамовото дрвце во цевката, го притисна силно и тенка, остра струјка вода блисна далеку нагоре. Мече трепна од радост и јурна со количето надолу по патот накај реката, носен со немирни мисли ...



... И никој од нив и не слутеше каква изненада им спрема Мече ...

По блескавите, обгорени од солнцето, запотени лица на младите градители, се сливаше пот како мали вадички по сува напукана земја. Солнчевите зраци боцкаа безмилосно. Кога на насипот се покажа водоносецот, десетина гласови завикаа од сите страни:

– Мече, вода! Мече, дај вода! …

А Мече ги гледаше ѓаволесто и никој од нив и не слутеше каква изненада им спрема. Скришум, кога го полнеше чанчето со вода, за да му го подаде на првиот бригадирец под насипот, Мече налеа вода и во својата направа. Кога младинецот се зафати да пие, тој му пушти незабележано една струјка вода во вратот, во градите, во испотеното лице. Бригадирециот се тргна изненаден, а од чанчето му се исипа водата по земјата. Мече итро го скри црцалото в пазива и едвај задржувајќи се да не се насмее, се затрча надолу, викајќи:

– Кој сака вода, повели! Само еден по еден, не се буткајте народеее! ...

И веќе спремаше нова стрела.

Една мала, топчеста бригадирка, преврзана со бела шамија, кога усети дека ја блисна студена вода и и’ се разлеа по градите, цикна преплашено и го испушти чанчето на земја; Мече се засркна од смеа, а после нацрпи во црпалото пак вода и уште неколку пати ја плисна бригадирката, која што беспомошно се обидуваше да се одбрани со раце:

– На, сакаш уште! Ха –ха – ха ... – се кркотеше Мече, додека девојчето, после првата изненада, се спушти да бега.

Мече продолжи да трча по насипот.

Долу преку реката, стоеше префрлена една долга штица. По неа секој час претрчуваа бригадирци со полни количиња земја, ја исфрлуваа зад насипот од другата страна на реката и бргу се враќаа по друг исто таков мост на стотици метра подолу.

Мече се спушти по насипот натаму. Во главата веќе го копкаше нова ѓаволија. Штицата беше од обете страни потпрена на два камена и кога поминуваа преку неа, таа се виткаше и се нишаше толку, што се чинеше дека ќе се скрши под тежината. Кога помина преку неа, Мече се наведе како божем ќе поправа нешто на количето. Се огледа наоколу да не би да го види некој и незабележано го помести каменот така да штицата сега се држеше само со еден крај. По тоа се тргна настрана, насладувајќи се однапред на она што требаше да се случи.

По насипот веќе се спуштаа неколку бригадирци со количиња, јурејќи силовито еден по друг. И само што првите двајца стапнаа врз мостот, штицата попушти, плесна силно во водата и тие се спружија вореката со целата својата должина. Третиот едвај да го задржи количето пред самата штица, како коњ кога се запира пред изненадно искрсната пропаст.

Водоносецот се плесна по коленици и низ смеј им дофрли:

– На здравје капење. На здравје ... Ха – ха – ха ...

Од сите страни се разнесе громогласен, здрав младински смеј. Двајца бригадирци излегоа од водата посрамени и покиснати до кожа. А Мече како да не станало ништо, трчаше веќе со празна тенекија кон бригадниот логор.

*

*   *

Поручекта, кога бригадирците се растурија по бараките на починок, Мече неочекувано ја забележа меѓу црниците светлокосата глава на својот другар. Му даваше знаци да пријде. И Мече не почека да биде двапати повикан.

– Ела со мене, бргу! – со шепот му рече Беличот.

Мече веднаш тргна по него, надевајќи се дека сега ќе може да му каже за своето решение да се врати назад.

Тој го поведе изненадно накај истиот пат откај што дојдоа. Мече го изгледа зачудено и застана.

– Каде ќе одиме?

– Не прашај, туку брзај – нетрпеливо го потргна за рака Беличот. – Ќе ти кажам нешто.

По патот одеа можеби пол час, а по тоа наеднаш скршнаа десно, низ пченките, право накај блатото што блескаше на солнцето среде поле. Далеку назад останаа нивите и оризиштата а пред нив се спружи темно–зелено поле, како бескрајна нива, прошарена тек–тук со понекоја ретка врба. Газеа по полегната трева едно време, но набргу земјата стана наеднаш влажна. Беличот се наведе и си ги собу чевлите, ги врза една со друга па ги префрли преку рамо; Мече сандалите си ги спика в џеб. Водата беше топла и црна. Не се гледаше низ тревата, но нозете им шлапкаа и им пропаѓаше речиси целата стапалка. Одеднаш Мече свика. Лицето му пребледе.

– Што ти е? – се сврте Беличот и застана.

Мече ја крена десната нога, лицето му се грчеше од болка и уплав: меѓу прстите му се беше впила голема набабрена пијавица. Стоеше исплашен на една нога како штрк и не се осмелуваше да ја откачи. Беличот му пријде потсмешливо и бргу, ни окото да не му трепне, ја откорна пијавицата од ногата на другарот и ја зафрли далеку. Продолжија да одат, но Мече газеше како на игли, плашејќи се пак да не му се закачи некоја пијавица.

Некако изненадно и наеднаш им се исправи висок ѕид од трски. Тоа беше она што од далеку се гледаше како огромно зелено поле. Свртеа малку налево. Крај една осамена врба, на самиот крај од трските, Мече виде три плитки чуна, врзани за врбата.

Беличот за цело време молчеше. Откако одврза еден чун, тие седнаа во него и потпирајќи се со долги притки по мочурот, обраснат со подводни треви, запловија низ трските.

Чунот се пробиваше тешко низ тесниот пат, просечен низ честата гора од трска. Високите трски како ѕидови го затвораа од обете страни хоризонтот, само над нив високо и некаде длабоко напред се гледаше тесна лента сино прозрачно летно небо. Наоколу лежеше тишина; во тишината се слушаше како шумно удираат прafтките по застојаната вода, од време на време прелетуваше со гладен крик понекоја птица риболовка или штрк. Околу чунот облетуваа роеви пијавици, се лепеа по него, и видувајќи дека нема што да исцицаат, се откачуваа и ронеа во водата.

Така се возеа околу пол час. По тоа одеднаш, како да излегоа од тунел, кога исплovија на широко водно пространство, ги залеа светлина. Беличот ја остави притката и чунот и се зализга нечујно по водената површина. Беше тихо и пространо, солнцето грееше а далеку над Огражден се гонеа по прозрачното небо јата бели пувкави облаци.

– Кај се губиш, Белич? – го наруши Мече прв молчењето. – Те барам толку време, а тебе никаде те нема. Имав работа – важно одговори Беличот. – Зошто си ме барал?

– Мене не ми се останува тука. Сакам да си одам...

Белич го погледа изненадено. Откако помисли малку, рамнодушно сви раменици:

– Добро оди си ...

– А ти ќе останеш ли?

– Јас ... Тоа е моја работа.

– Ај да си одиме заедно – со молбен глас рече малиот.

Тој пак го загледа.

– Ти мислиш мене ми се останува. Почекај уште некој ден па ќе си одиме.

Мече сакаше уште нешто да прирече, но Беличот нагло го сврте чунот накај една од малите купи, обраснати со шавар, што стоеја

сред водата како острва. Чунот бавно се приближи. Беличот и не исчека да се запре, туку искокна и го притера со рака до крај. На свое чудење, кога стана острвото, Мече усети дека под нозете му зашлапа вода, а после малку време и тлото почна да се лулее. На лицето му се исцрта уплав.

– Не се плаши – се насмеа Беличот, кој што очигледно беше веќе запознат со оваа тајна. – Немој да се зачудиш ако запловиме со него како на чун. Само да дувне ветер ...

Водата им досегна под колениции.

– Да се вратиме на чун – плахо прошепоте Мече.

– Почекај ...

Тој извади од џеб два камена изврзани со коноп и со шарена минерска врвка. Еден по еден ги запали со кибрит, па со се' сила ги зафрли на разни страни. Се разнесоа две силни експлозии и се крена висок столб вода. По малку време се' си беше пак мирно како и пред тоа.

Тие бргу се качија на чунот и запловија натаму. По мирната видна површина, извртени на грб, се белееја многу риби, замелушени од експлозијата.

– Гледаш ли? – гордо рече Беличот, кога почнаа да ги берат рибите.

Откако го собраа својот богат лов, другарите го свртеа чунот за назад. Насекаде беше мирно и нив им се чинеше дека никој не ги чул. Арно ама, само што завеслаа накај трските, кога од таму нечујно исплови друг чун, кој што одеше право накај нив. Тие истрпнаа. Во чунот имаше само еден човек. Кога им се доближи, тие го препознаа старецот што ги донесе со кола оној ден. Тој ги гледаше едно време, клатејќи глава, а после ги запраша со строг глас:

– Што правите бре тука! Сите риби ни ги истепавте, а? ...

Двајцата другари од страв не можеа да кажат ни збор.

Старецот го притера својот чун сосема со нивниот, се наведе и ги виде рибите што даваа последни знаци живот на дното од чунот.

– Бре, бре што риба сте уловиле ... А и чунот сте ми го зеле. Тогаш право е да си ги делиме пополу, а, што велите вие?

Беличот веднаш зацрпи со грст од рибите и му ги подаде:

– На, чичо. Земи ...

– А, не – му ја тргна раката и рече со благ глас: – Земете си ги. Однесете ги на другарите. Вие сте заслужиле ...

При тоа старецот тешко се издиши. Погледот му се задржа на блатото и трските што се простираа далеку. Со глас во кој во кој трепереше некоја скришна тага, тој почна да им ја расправа жалната историја на луѓето од овој крај:

Не ни требаат ни риби, ни ништо од оваа страшилиште. Само спасете не’ од него. Имав внук – тој сега ќе ви беше врсник и ќе работеше со вас ... Го покоси маларијата и него како многу други ... А не беше секогаш така. Јас сум стар паметам. Додека ти око гледа беше полето. Си живеевме си ја работевме земјата и се надевавме на поубав живот. Арно се сеќавам: меѓите со она село што го гледате зад блатово ни беа некаде тука; ако некому му се скршеше ралото стигаше неколку чекори да направи и да земе рало на заим од комшијата ... А сега? Како море не раздели блатото, ни ги потопи нивјето, а пустата небидница и животот ни го зацрни. Ех, пусто да остане ...

Тешка беше маката на старецот. Другарите молчеа потиснати од неговата тажна приказна.

Но откако дојдовте вие, деца – живна малку тој и во очите му светна нешто топло – голема надеж ни ја огреа душата. Ве гледаме како работите и се’ повеќе знаеме дека ќе успее вашето дело. А сега, седете ми со здравје!

И смеејќи им се весело како прв пат кога ги сретна со колата, тој завесла во спротивен правец, мавтајќи им со рака од далеку.

Го испратија со поглед се' додека чунот не се изгуби во трските, а по тоа и тие тргнаа назад. Солнцето веќе заоѓаше зад Огражден, стана прохладно. Потиснат од она што го чу, Мече молчеше и дури не смееше ни да го погледа својот другар што молчаливо веслаше низ трските. Заборави и да го праша дали ќе дојде со него ...

*

* *

Ноќта се случи нешто што сосема му го збрка планот на Мечета.

Како да се беа здоговориле со Белича; тој незабележано се искраде од бараката, кај црниците го чекаше веќе Белич готов за бегство, но како одеднаш се најдоа пак таму, сред блатото, на чун? Мече зинува да праша, но глас не се слуша. Дува силен ветер, ги витка трските, носејќи го стреловито чунот по водата. Темно е, не се гледа прст пред око и само од време на време кога светнува секавица, Мече со ужас гледа дека се возат не на чун, туку на шаварно острво ... Наеднаш почна да пропаѓаат. Престрашен тој се свте накај Беличот, но тој му даде знак да молчи. Водата се склопи над нив. Зачудо кога стасаа до дното, наеднаш стана светло и двајцата бегалци зинаа од чудо: на неколку чекори од нив, сред мрежа од трева и други подводни растенија, стоеше едно големо чудовиште. Прилегаше на пенушка од некое исечено дрво, а на сите страни му се простираа пипалки како корења. А насреде, се палеа и гаснеа како автомобилски фарови, две големи очи.



... Чудовиштето крена две пипалки, ги спружи накај нив и ...

– Кои сте вие?... – згрме глас. Подводното чудовиште се размрда за час, а водата се разбуричка. – А – ха ... вие сте од тие јунаци што сте се кренале мене да ме уништите ... Ха-ха-ха!

Од неговиот смеј водата се клобучеше. Беличот му даваше знаци на Мечета да остане мирен.

– Мене – продолжи да грми чудовиштето – не може никој да ме уништи. Погледајте: мојата снага се простира далеку!

И замрда од сите страни со пипалките. Се чинеше дека немаат крај, се губеа некаде во мрачната подводна далечина.

– Јас вечно ќе ги цицам соковите на земјата и, еве тука ќе ги исфрлам, како в море ... Ха-ха-ха! ...

Некаде насреде од чудовиштето зина огромна челуст, водата закипе, се запени и Мече усети дека расте, се надига над него бескраен воден свод. Сето тоа потраја само малку време, а после се’ се смири, само што и потаму јачеше громогласниот смеј на чудовиштето:

– Ха-ха-ха ... Ха-ха-ха ... Гледате ли? Кој може мене да ме уништи?

Бегалците занемеа во уплав.

Одеднаш чудовиштето крена две пипалки, ги спружи накај нив и ... Мече се разбуди сиот облеан в пот. Отвори очи. Во бараката беше темно. Се слушаше рамномерно дишење на заспаните бригадирци.

Тој се покри преку глава, се заврте на другата страна и заспа немирно.



# 4

Утро во логорот ...

За прв пат откако дојде во бригадата, Мече усети колку е убаво тука наутро кога првите зраци на солнцето ќе паднат над разбудениот младински логор, што се капеше во утринската светлина и веселост.

Построена на полјанката пред логорот, околу висок јарбол, бригадата му оддаваше почест на знамето се развеа понесено од лесниот утрински ветрец. Мече за сето време стоеше настрана, гледајќи го со затаен здив сето ова, одошто на душата му стануваше светло и радосно.

Солнцето се изви над сртот на Беласица, кога бригадата тргна на работа. Се изви по прашниот пат надолу нејзината колона, песна се огласи по полето и долго низ зелените перки на пченките светкаа белите шамии на бригадирките, а високо на синото небо се оцртуваа лопати и копачи.

Малиот водоносец остана сам на празната полјанка пред логорот. Стоеше така долго, загледан занесено во колоната, што се губеше во далечината, по тоа крена поглед нагоре кон знамето, кое што се вееше на високоит јарбол.

И, наеднаш во очите му блесна искра: тој решително зачекори накај високите црници, во правец на бараката на штабот.

И така, Мече се најде одново пред командантот на младинските бригади. Тој отпрво, зафатен со работа, не го забележа, но кога го виде зачудено ги покрена окалките:

– О-хо, нашиот водоносец! – извика командантот весело, бришејќи си го со чисто бело шамиче замаглените стакла на окалките. – Каква чест! Седни.

Мече се изненади од таков пречек. Плахо се приближи до столчето и седна на крај, не осмелувајќи се да рече ни збор.

– Па што има ново? Работата – врви ! Не верувам да ти се жедни бригадирите ... – го закачаше весело и потаму тој.

Мече се ослободи и почна испрекинато:

– Гледаш ... друже команданте ... Баш затоа сум и дојден кај вас ... Јас не сакам повеќе да носам вода. Сакам да работам – како и другите ...

Командантот зачудено крена поглед:

– Види, види! А јас баш мислев да те прогласам за ударник.

И пак се засмеа.

А Мече – да потоне в земја.

– Јас ... ако може ... – се збуни тој – а ако не, не можам да останам. Ќе си одам ...

– Постој, постој! – го прекина командантот. Во гласот немаше веќе шеговитост. – Зошто сакаш да работиш? Зар тоа не е работа?

– Така, сакам и јас да копам ... Нејќам да ми се смеат сите: е, ти носиш вода, а ние тука се потиме!

– Кој ти се смее?

Мече се збуни:

– Па, никој ...

Командантот ги стави окалките на очи:

– Чуј! И покрај мојата добра волја не можам да те пуштам на работа. Мал си. А пак треба да знаеш дека и носење вода овде не е ни поневредна и нечесна работа. Така. Мислам дека се разбравме?

Не усети ни сам како се најде надвор. Во главата му шумеа зборовите на командантот, а во душата го болеше: сета надеж, сета онаа одушевеност, со која што утринава дојде овде, пропадна и како да се потопи во матните води на блатото.

А еве што се одиграваше во душата на малиот водоносец:

После вечерниот разговор со старецот и сонот што го сони ноќта, во него како да се скрши нешто, одеднаш му се откри пред очите што станува околу него и каков подвиг означува борбата со блатото – она подводно чудовиште што го виде на сон. Тие се борат – а тој сака да бега! Мече дури тогаш се присети дека меѓу ископаните купишта земја крај каналот и на реката, виѓаваше многу корења испреплеткани во чуден сплет. Не беа ли тоа пипалките од чудовиштето потсечени под тврдите удари на младите бригадирци? И Мече тврдо заверува дека чудовиштето ќе биде победено.

Но, сега е се' залудно ... Тој пак ќе носи вода, а другите ќе бијат бој.

Со такви мисли, невесел, Мече се ближеше до реката. Го пречека шум од весели гласови и тврди удари на копачите.

И бојот навистина се разгоре.

*

*   *

Бригадата на Мечета беше тврдо решена во овие последни денови да го освои знамето. Но, нешто не беше в ред. Се ближеше крајот, а графиконот закачен пред бараката на штабот покажуваше дека ако се продолжи така знамето нема да се развее над логорот од нивната бригада.

Истиот ден кога Мече беше кај командантот, бригадата се собра на конференција. Поседнати на полјанката в круг, бригадирците го слушаа својот командант, кој што долго и распалено им говореше.

Мече намина случајно накај собраната бригада откај врбаците, невиден од никого и чу дека меѓу другото се спомна и неговото име. Се притаи тихо зад врбата. Говореше онаа мала топчеста бригадирка што ја плискаше со вода оној ден, беше се распалила, а образите и вивнале в огин: – Залудно ќе ни оди сета работа, додека сред нас има саботери. Еве, нашиов водоносец: ние сите се трудиме, а тој ни се качи на глава со своите ѓаволии. А денеска не дојде на работа на време. Саботер – ви велам ... Па, како тогаш ќе го освоиме знамето?

Сите завревеа одобрувачки. А потаму што говореа – Мече не чу. Решението на целата бригада беше строго и неумоливо: да се одстрани тој пакосник од нивните редови!

Го стегна нешто Мечета во грлото и само што не залипа на глас. Сакаше да влезе во кругот и да им каже дека ќе се поправи но силите го издадоа и тој пригушено заплака сам и незабележан во својот заклон.

Но на другиот ден никој не можеше да го познае водоносецот. Како преку ноќ да станало некое чудо, тој трчаше неуморно од едниот крај на другиот, носејќи им студена вода на жедните бригадирци. Сета бригада гореше во натпреварувачки огин и, занесени во работа, бригадирците не ја забележаа веднаш големата промена кај малиот палавник, заборавајќи го своето вчерашно решение.

И дојде ден кога бригадите од првата смена привршија со работа. Кога нивната колона се изви по патот што водеше в град, Мече одеше на чело со освоеното знаме, кое што весело се развеваше над гордите младински глави. Во втората бригада, меѓу минерите, се наоѓаше и Беличот. На градите му светкаше ударничка значка. Беше предвечер, заоѓаше солнцето.



...Мече гордо се исправи, го крена високо знамето и ...

За последен пат Мече фрли поглед на блатото: под зраците на солнцето што заоѓаше, водата гореше во крваво-црвени одблесоци.

Да, тоа крвавеше снагата на смртно ранетиот непријател!

Гордо се исправи Мече, го крена високо знамето и замавта со него накај новата смена што со громки извици ги испраќаше бригадите. Во полето екна весела бригадирска песна.

Јован Бошковски

Бегалци

Книгата е печатена во 8000 примерци
Печатењето е завршено во октомври 1949 год.

886.6-32
„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" — Скопје
— РОДНОКРАЕН СКОПСКИ ОДДЕЛ —
Инв. бр 11036/87 д н.